РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 18 · 05 · 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1888/1 | | |

0706
Трајно
18.05.12

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **општество** за V одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ОПШТЕСТВО

V ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1.ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да го збогатува лексичкиот фонд со нови поими и нив ги употребува во говорот;
- да се оспособи за правилно разбирање на поставените прашања и давање правилни и потполни одговори;
- да ги надгради знаењата за просторот во кој живеат и работат луѓето и во кој се одвиваат нивните меѓусебни односи (семејство, дом, општина);
- да ја развие просторната ориентација за поблиската, пошироката околина, општината и географската карта;
- да се запознае со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина во општината и нивнито влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето во локалната заедница;
- да ја увиди пошироката просторна ориентација на својата околина, како и положбата на Република Македонија на географската карта;
- да ги запознае основните карактеристики на релјефот, климата и другите обележја на Репубилика Македонија и нивното влијание на стопанството, културата и другите области на општествениот живот;
- да го сознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во Република Македонија со животот и работата на луѓето во минатото;
- да се развие чувство на почит кон историското наследство и традициите во Република Македонија;
- да се оспособат во барање на разни историски и културни податоци (слики) од различни извори;
- развивање на свест на припадност кон семејството, заедницата и општеството;
- да се запознае со културата како специфична карактеристика во животот на човекот;
- да ги сознае и почитува културните и верските различности на луѓето во пошироката заедница;

- да познаваат примери од културните традиции на заедниците во Република Македонија;
- да се запознае со економските основи на животот на луѓето;
- да ги увидува условите за својата активност во групата, со врсниците, во одделението и пошироката средина;
- да се запознае со начините и формите на учество во натпревари, појава на конфликти и нивното решавање;
- да се запознае со своите права (правата на децата), основните човекови права, како и одговорностите кои ги имаат граѓаните;
- да ги разбира начините на соработка меѓу луѓето, меѓусебната подршка, решавањето на конфликтите;
- запознавање со најважните институции во Европската Унија.

**КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ**

| **НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да се запознае со карактеристиките на Република Македонија како држава;<br><br>➢ да знае која наука што проучува и да ги разликува истите;<br><br>➢ да ги знае симболите на Република Македонија;<br><br>➢ да се запознае со основните стопански, културни и политички функции на главниот град на Република Македонија;<br><br>➢ да се оспособи да ја одреди местоположбата на Република Македонија на карти на Европа, Балканот и на глобус;<br><br>➢ да наведе природни карактеристики на Република Македонија; | Нашата татковина Република Македонија<br><br>Државни симболи<br><br>Скопје главен град на Република Македонија<br><br>Местоположба и природни особености на Република Македонија<br><br>Периодизација на македонското минато<br><br>Формирање на современата македонска држава<br><br>Државно уредување на Република Македонија<br><br>Население на Република Макдонија | Држава<br>Татковина<br>Република<br><br>Знаме<br>Грб<br>Химна<br><br>Главен град<br>Метропола<br><br>Државна територија<br>Географски регион<br>Свет/земјина топка<br>Глобус<br><br>Царство, кралство империја<br><br>Нациналнa држава<br>Референдум<br>Сувереност<br><br>Устав<br><br>Претседател<br>Влада | o Метод на пишуван текст во кој наставникот и учениците заедно го читаат текстот, наставникот ги следи учениците и на секој нов поим дава објаснување, за да можат учениците што подобро да го разберат самиот текст.<br><br>o Изработка на нема карта во која се впишуваат имињата на соседните држави и цртање на нивните знамиња.<br><br>o Цртање на симболите на Република Македонија.<br><br>o Одредување на местоположбата на Скопје на географска карта. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да се запознае со одредени периоди од македонското минато;<br><br>➢ да знае за формирањето на современата македонска држава на крајот од Втората светска војна;<br><br>➢ да знае за формирањето на суверена Република Македонија;<br><br>➢ да знае за државното уредување на Република Македонија;<br><br>➢ да ги знае најважните државни институции;<br><br>➢ да се запознае со поимот население, број и структура;<br><br>➢ да се запознае со стопанските гранки во РМ;<br><br>➢ да се запознае со природните услови и можности за развој на стопанските гранки во РМ;<br>➢ да се запознае со туристичките центри во Р М; | Стопанство и стопа ски дејности во Република Македонија<br><br>Туризмот во Република Македонија<br><br>Културен живот и институциите на културата во Република Македонија | Суд<br><br>Стопанство<br><br>Стопански дејности<br><br>Ресурси<br><br>Туризам<br><br>Библиотека<br><br>Театар<br><br>Балет<br><br>Кино | o Изработка нема карта на Балканскиот Полуостров и обележување на државите во него.<br><br>o Природни особености на Република Македонија- грозд техника.<br><br>o Изработка на паноа со слики од разни историски периоди.<br><br>o Референдум на 8 септември1991 (Интернет).<br><br>o Техника грозд: стопански дејности во Република Македонија.<br><br>o Туристички места во Република Македонија-изработка на пано. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да го запознава значењето на поимите култура и културни потреби;<br><br>➢ да знае за функцијата на одредени културни институции (балет, кино, театар, библиотека);<br><br>➢ да се поттикнува на правилно однесување во институциите на културата;<br><br>➢ да се запознае со верските различности во Република Македонија;<br><br>➢ да се запознае со религиите во Република Македонија;<br><br>➢ да знае за правата и должностите на граѓаните во Република Македонија | Религиите и верските институции во Република Макдонија<br><br>Права и должности на граѓаните на Република Македонија | Религија<br><br>Верска заедница<br><br>Права<br><br>Должности | o Разговор за особеностите на верските празници.<br><br>o Симулирање на прослава на одредени верски празници.<br><br>o Работилница: дискусија за правата и должностите на граѓаните. |

...БЛ... ...РСТВО З...

| ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА И ВО ОПШТЕСТВОТО | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да го сфати значењето од живеењето во група;<br>➢ да се воспитува за негување на солидарност со другите;<br>➢ да се осознае себеси како дел од групата, за можностите, идеите, потребите и желбите;<br>➢ да се запознае со значењето на поимот социјализација;<br>➢ да сфати дека заедничките напори даваат успех;<br>➢ да се запознае со одделни фактори на социјализација и да се сфати нивната улога;<br>➢ да го разбира поимот девијација и откривање на девијантно однесување во средината; | Личноста и групниот живот<br><br>Социјализација на личноста во групата<br><br>Фактори на социјализација (семејство, група на врсници, училиште, медиуми)<br><br>Девијација и девијантно однесување на личноста во групата | Личност<br>Група<br><br>Социјализација<br>Солидарност<br>Егоизам<br><br>Медиуми<br><br>Девијација<br><br>Криминалитет<br><br>Наркоманија | o Метод на пишуван текст,во кој наставникот и учениците заедно го читаат текстот, наставникот ги следи учениците и на секој нов поим дава објаснување, за да можат учениците што подобро да го разберат самиот текст.<br>o Разговор-важноста на групата.<br>o Разговор за егоизам, солидарност.<br>o Разговор за семејството.<br>o Разговор за медиумите.<br>o Разговор за девијантното однесување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да ги почитува различните желби, идеи, можности, потреби;<br>➢ да се запознае со човековите и детските права. | Правила на однесување во средината и исполнување на должностите | Правила<br>Должности | o Правилата на однесување и нивното почитување.<br>o Разговор за добро и лошо однесување.<br>o Решавање на конфликти. |
| | Конфликтот и неговото решавање | Конфликтот<br>Сила и насилство<br>Помирување<br>Толеранција | |
| | Правата на децата како човекови права | Човекови права<br>Слобода<br>Рамноправност<br>Детски права | o Човекови права (техника грозд).<br>o Човекови должности.<br>o Разговор за правата на децата. |



ДОНИ ... АНИЕ И ... ОВАНИЈ

| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да ги запознава најзначајните остатоци од материјалното културно наследство на тлото на Република Македонија;<br>➢ да се воспитува за чување и негување на културното наследство; | Културното наследство на тлото на Република Македонија | Културно наследство<br>Мултикултура | o Метод на пишуван текст во кој наставникот и учениците заедно го читаат текстот, наставникот ги следи учениците и на секој нов поим дава објаснување, за да можат учениците што подобро да го разберат самиот текст.<br>o Посета на културни објекти.<br>o Посета на верски објекти.<br>o Посета на археолошко наоѓалиште. |
| ➢ да ги запознае причините за иселувањето на граѓаните од Република Македонија;<br>➢ да ги употебува правилно поимите: иселеник, иселеништво, миграција;<br>➢ да знае за врските на иселениците со татковината; | Иселеништвото од Република Македонија во светот | Иселеник<br>Иселеништво | o Разговор за причините за иселувањето на граѓаните од Република Македонија. |
| ➢ да го разбира значењето на поимите: странец и странство;<br>➢ да знае за причините зошто има странци кај нас; | Странците во Република Македонија | Странец<br>Странство | o Разговор -дали сте биле во странство. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да се запознавање со институциите на ЕУ;<br><br>➢ да се запознае со проблемите денес во светот и учеството на Република Македонија во разрешувањето на проблемите во светот;<br><br>➢ да ги набројува изворите на енергија;<br><br>➢ да знае за преминот на енергијата од еден во друг облик;<br><br>➢ да знае за начините на штедење енергија. | Република Македонија во европската интеграција<br><br>Основните проблеми во светот и Република Македонија | Интеграција<br><br>Унија<br><br>Глобален свет<br><br>Екологија<br><br>Енергија | o Европски институции (Парламент, Совет на ЕУ, Европска комисија) -слики од градовите и институциите.<br><br>o Разговор за основните проблеми во светот денес (светскиот мир, екологијата, енергијата, сообраќајот) - изработка на пано. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

### Насоки за меѓупредметно поврзување

Наставниот предмет општество се заснова на принципот на мултидисциплинарност. Наставните материјали и обработки се поврзуваат со претходните знаења, интересот, способноста на ученикот.

Обработката на наставните содржини се изведува по метода на пишуван текст со цел полесно учениците да ја разберат самата содржина и да се објаснат новите поими. При изведувањето на наставата, наставната содржина треба да биде резделена на делови (помали целини) кои ќе се реализираат по определен редослед. Преку аналитичко- синтетичкиот пат се преоѓа преку наставата содржина со тоа што на ученикот со оштетен слух му се овозможува полесно да ја совлада истата. Наставникот во своето излагање треба да употребува кратки, едноставни реченици со конкретни факти. Се користи методот на тотална комуникација (употреба на знаковен јазик, мимика, слушни остатоци и адекватна фацијална експресија). Од учениците постојано се бара употреба на новите поими во говорот и писменото издразување со цел збогатување на лексичкиот фонд кај учениците.

### Препораки за користење на годишниот фонт на часови

Препораките за распределба на годишниот фонт на часови се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми/содржини што секако не треба да го ограничува наставникот за нивно прераспределување, според потребите на реализација. Потребите за поинакво користење на часовите треба да ги проценува предметниот наставник според постигањата на неговите ученици, т.е. според достигнувањето на секоја паралелка (квалитетот и темпото на напредување на учениците во наставата и друго) треба да доведе до најцелисходно располагање со часовите.

Одредени активности, истражувања кои бараат континуитет добро е да траат подолго време (пред и по темата која се обработува), а наставникот треба навремено да планира.

Наставниот предмет во петто оделение се изучува со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

**Наставни сретства;**

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење на непосредната околина- предмети и објекти во природата;
- енциклопедија, атласи, карти, глобус и друго;
- Интернет, образовни софтвери;
- визуелни средства (слики, апликации, цртежи, паноа, модели, макети);
- аудиовизуелни средства, видеоплеер, компјутер, ЛЦД, дигитална камера, телевизор, ДВД;
- светски признати списанија;

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањета (промените) на учениците, се прибираат показатели на нивните активности, мотивираноста за учење, соработка со други и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето. Следењето на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето.

Оценувањето треба да се базира врз користење на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и да се земат предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Притоа, проверувајќи го напредокот во постигањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.

Оценувањето треба да биде објективно, т.е. да се спроведува непристрасно, како при вреднувањето на достигањата, така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.

Оценувањето треба да се врши транспарентно, што подразбира дека учениците треба точно да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигања и како тие постигања ќе се оценуваат. Тоа значи дека учениците треба да знаат зошто и што треба да научат и како ќе се оценува.

Учениците и родителите континуирано треба да имаат увид во оценувањето.

Во текот на учебната година оценувањето е комбинирано, а на крајот бројчано.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор и за наставни сретства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по општество во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозовски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно со Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,

координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието - Скопје

## 7. ПОТПИС И ДАТУМ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТВНАТА ПРОГРАМА

Натсавната програма по општество за петто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух, на предмет за развој на образованието, ја утврди

на ден 10.05.2012

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-2482/40
15.05 2012 год.
СКОПЈЕ

Министер
м-р Панче Кралев